Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 09-1095/2
15.05 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 59 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2021, 174/21 и 241/24), Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година(*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/25) и Извештајот на комисијата за оцена на проекти за 2025 година, бр.09-1095/1 од 13.05.2025 година Министерот за локална самоуправа, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2025

## Член 1

Со оваа одлука се одобруваат проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година во вкупен износ од 87.925.000 денари.

## Член 2

Средствата од член 1 се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во раздел 191.01–Министерство за локална самоуправа, потпрограма ОА-Рамномерен регионален развој, ставка 464-Разни трансфери.

## Член 3

Доколку Министерството за локална самоуправа утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисниците на средствата согласно оваа одлука истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Министерството за локална самоуправа.

**Образложение:**

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година, се утврдени во Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/25).

Министерството за локална самоуправа,односно Комисијата за оценка на проекти ја спроведе постапката за прибирање и оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, пропишана во Законот за рамномерен регионален развој и Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.62/21).

Врз основа на член 59 став (2) и став (3) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2021, 174/21 I 241/24) и Извештајот од комисијата за спроведено оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година со бр.09-1095/1, Министерот за локална самоуправа изврши избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, од листата на позитивно оценетите проекти, која листа е составен дел на извештајот од комисијата.

Бројот на проекти и износите за нивно финансирање се утврдени во согласност со расположливите средства од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година и поднесените барања за финансирање.

Во прилог на оваа одлука е листата со избрани проекти за финансирање, како нејзин интегрален дел.

Бр. _____ /____

_________ / 2025 г.

Подготвил:Звонко Зафироски

Согласен:Андријана Стојановска

Одобрил: Јулијана Павковска Боцевска

Министерство за локална самоуорава

Министер

м-р Златко Перински

ПРИЛОГ:

| ЛИСТА<br>СО ИЗБРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Рб | Подносител | Име на проектот | Вкупна вредност на проектот | Сопствено учество или друг извор на финансирање | Побарувана сума од МЛС | Сума за финансирање на проектот |
| 1 | Општина Василево | Основен проект за изработка на инвестиционо техничка документација за изградба на отворен канал од с.Бладевци до с.Сушево | 6,929,870 | 4,929,870 | 2,000,000 | 2,000,000 |
| 2 | Центар за развој на Скопски плански регион Скопје | Набавка на мултифункционално возило за одржување на патна инфрастуктура Општина Сопиште | 5,500,000 | 2,000,000 | 3,500,000 | 3,500,000 |
| 3 | Општина Гевгелија | Изградба на улица Ново планирана индустриска 2 | 8,908,528 | 4,908,528 | 4,000,000 | 4,000,000 |
| 4 | Центар за развој на Вардарски плански регион Велес | Реконструкција и партерно уредување на КП 2055 во населено место | 2,983,710 | 983,710 | 2,000,000 | 2,000,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Лозово,општина Лозово | | | | |
| 5 | Општина Прилеп | Подобрување на противпожарната заштита во Пелагонискиот регион преку набавка на противпожарно возило за ТППЕ Прилеп | 8,500,000 | 3,500,000 | 5,000,000 | 5,000,000 |
| 6 | Општина Вевчани | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти преку употреба на обновливи извори на енергија | 1,482,785 | 0 | 1,482,785 | 1,482,785 |
| 7 | Здружение Благослов с.Ростуше | Приемна соба во Битуше | 2,421,350 | 0 | 2,421,350 | 2,421,350 |
| 8 | Општина Карбинци | Реконструкција на ПОУ „Страшо Пинџур“во с.Радање | 9,023,328 | 4,523,328 | 4,500,000 | 4,500,000 |
| 9 | Општина Босилово | „Набавка и монтажа на ПВЦ подна облога за основно училиште во с.Секирник “ | 423,738 | 163,520 | 260,218 | 260,218 |
| 10 | Општина Босилово | „Изградба на мало спортско игралиште во с.Секирник “ | 1,706,280 | 606,280 | 1,100,000 | 1,100,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Центар за развој на Југоисточен плански регион Струмица | Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возила за општина Богданци | 4,978,300 | 1,978,300 | 3,000,000 | 3,000,000 |
| 12 | Центар за развој на Скопски плански регион Скопје | Набавка на мултифункционал но возило за одржување на патна инфрастуктура Општина Зелениково | 6,000,000 | 1,500,000 | 4,500,000 | 4,500,000 |
| 13 | Општина Македонски Брод | Изградба на јавна површина и паркинг „стар пазар"во Македонски Брод | 1,692,631 | 0 | 1,692,631 | 1,692,631 |
| 14 | Центар за развој на Вардарски плански регион Велес | Реконструкција и партерно уредување на КП2411 во населено место Лозово,општина Лозово | 3,188,266 | 1,188,266 | 2,000,000 | 2,000,000 |
| 15 | Центар за развој на Вардарски плански регион Велес | Подобрување на условите за квалитетен живот и безбедност на граѓаните,преку реконструкција на тротоари во општина Неготино | 1,892,682 | 492,682 | 1,400,000 | 1,400,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -технички број- 15-08/2024 | | | | |
| 16 | Општина Демир Капија | Набавка на трактор со приклучна механизација | 2,500,000 | 500,000 | 2,000,000 | 2,000,000 |
| 17 | Општина Пехчево | Реконструкција и рехабилитација на постоечки пат во с. Робово | 3,929,164 | 0 | 3,929,164 | 3,929,164 |
| 18 | Центар за развој на Југоисточен плански регион Струмица | Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возила за општина Ново Село | 2,500,000 | 500,000 | 2,000,000 | 2,000,000 |
| 19 | Центар за развој на Пелагониски плански регион Битола | Надградба на техничките капацитети на Пелагониски плански регион Демир Хисар | 3,500,000 | 0 | 3,500,000 | 3,500,000 |
| 20 | Општина Македонски Брод | Изградба на пристапни улици Даме Груев во Македонски Брод | 1,029,616 | 0 | 1,029,616 | 1,029,616 |
| 21 | Центар за развој на Вардарски плански регион Велес | Подобрување на условите за квалитетен живот и безбедност на граѓаните,преку реконструкција на тротоари во | 3,214,288 | 614,288 | 2,600,000 | 2,600,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општина Неготино - технички број 03-07/2023 | | | | |
| 22 | Центар за развој на Полошки плански регион Тетово | Реконструкција на ул. "Стариот пат 2" во с. Милетино и с. Челопек на територија на Општина Брвеница | 5,168,125 | 2,768,125 | 2,400,000 | 2,400,000 |
| 23 | Центар за развој на Источен плански регион Штип | Воведување на мерки за ЕЕ и подобрување на просторните услови во образовниот процес преку доградба и реконструкција на ОУ Синиша Стоилов во општина Зрновци | 5,075,512 | 243,000 | 4,832,512 | 4,832,512 |
| 24 | Центар за развој на Југозападен плански регион Струга | Јакнење на капацитетите на ЈКП Кале преку набавка на опрема | 1,655,400 | 455,400 | 1,200,000 | 1,200,000 |
| 25 | Центар за развој на Североисточен плански регион Куманово | Надградба на техничките капацитети на ЈКП КОЗЈАК во општина Старо Нагоричане | 834,000 | 0 | 834,000 | 834,000 |
| 26 | Центар за развој на Пелагониски плански регион Битола | Надградба на техничките капацитети на Пелагониски | 4,500,000 | 1,000,000 | 3,500,000 | 3,500,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | плански регион Ресен | | | | |
| 27 | Општина Штип | Изградба на Фото - Напонски панели за производство на ел. Енергија со максимален капацитет од 1MW на објект Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Астибо“ Штип со моќност од 40.0kW на кровни површини | 1,907,529 | 0 | 1,907,529 | 1,907,529 |
| 28 | Општина Зрновци | Комунална механизација-опрема за подобри услуги општина Зрновци | 5,502,115 | 0 | 5,502,115 | 5,502,115 |
| 29 | Центар за развој на Североисточен плански регион Куманово | Надградба на техничките капацитети на ЈКП ПЕНДА во општина Липково | 1,668,600 | 0 | 1,668,600 | 1,668,600 |
| 30 | Центар за развој на Полошки плански регион Тетово | Енергетски ефикасна детска градинка ФОЛЕЈА општина Теарце | 1,316,470 | 116,470 | 1,200,000 | 1,200,000 |
| 31 | Центар за развој на Југозападен плански регион Струга | Јакнење на капацитетите на ЈКП Дебрца преку набавка на опрема | 1,200,000 | 0 | 1,200,000 | 1,200,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Центар за развој на Југозападен плански регион Струга | Јакнење на капацитетите на ЈКП Комуналец преку набавка на опрема Пласница | 1,200,000 | 0 | 1,200,000 | 1,200,000 |
| 33 | Центар за развој на Југозападен плански регион Струга | Јакнење на капацитетите на ЈКП Еремија преку набавка на опрема Вевчани | 1,200,000 | 0 | 1,200,000 | 1,200,000 |
| 34 | Центар за развој на Полошки плански регион Тетово | Реконструкција на улица во с.Калник општина Боговиње | 1,455,400 | 255,400 | 1,200,000 | 1,200,000 |
| 35 | Центар за развој на Североисточен плански регион Куманово | Довршување на реконструкција на локален пат во село Ранковце – Кокинска маала во должина од 470,50 метри | 2,300,736 | 0 | 2,300,736 | 2,300,736 |
| 36 | Општина Чешиново Облешево | Изградба на крак КП6041од улица Осоговска во с.Соколарци Општина Чешиново Облешево | 1,122,534 | 112,253 | 1,010,281 | 883,418 |
| 37 | Општина Чешиново Облешево | Изградба на крак КП5824 од улица Осоговска во с.Соколарци Општина Чешиново Облешево | 1,321,508 | 132,151 | 1,189,357 | 1,189,357 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 38 | Општина Градско | Реконструкција на улица крак 7 во с.Виничани,општина Градско | 1,790,969 | 0 | 1,790,969 | 1,790,969 |
| **ВКУПНО:** | | | | | | **87,925,000** |